2693 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.**

**Петок, 15 август 1975**
**Скопје**
**Број 29 Год. XXXI**

**Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 6 дин. Жиро сметка 40100-601-128**

**345.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1974 ГОДИНА

Се прогласува Законот за Завршната сметка на Републичкиот буџет за 1974 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 15 и 16 јули 1975 година, на седницата на Соборот на општините, одржана на 15 јули 1975 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор, одржана на 15 јули 1975 година.

Број 06-1766
Скопје
16 јули 1975 година

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1974 ГОДИНА

I. ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Во 1974 година остварените приходи и потрошените средства изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| Вкупен износ на остварените приходи | 2.364.649.109 дин. |
| Вкупен износ на извршените расходи | 2.356.859.774 дин. |
| Остварен приход над извршените расходи во 1974 година | 7.789.335 дин. |

Член 2

Остварените приходи над извршените расходи на Републичкиот буџет за 1974 година во износ од 7.789.335 динари се распоредуваат во посебната сметка на Републиката за нестопански инвестиции.

Член 3

Остварувањето на приходите и извршувањето на расходите на Републичкиот буџет за 1974 година се прикажани во следниот преглед:

### ПРЕГЛЕД
### ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БИЛАНСНИОТ ДЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1974 ГОДИНА
### I. ПРИХОДИ ВО БИЛАНСОТ НА БУЏЕТОТ

| Број на сметката | ВИД НА ПРИХОДИТЕ | Предвидено по буџетот | Предвидено по ребалансот и дополнителните измени | Остварено |
|---|---|---|---|---|
| | 1. ДАНОК НА ДОХОД И ДАНОК ОД ЛИЧЕН ДОХОД | | | |
| 11 | Данок на доход | 59.871.000 | 59.871.000 | 80.354.633 |
| 12 | Данок од личен доход од продолжена работа | 26.400.000 | 26.400.000 | 25.860.444 |
| 13 | Данок од личен доход од земјоделска дејност | 29.300.000 | 29.300.000 | 21.526.706 |
| | ВКУПНО ВИДОТ 1 ПРИДОНЕСИ | 115.571.000 | 115.571.000 | 127.741.782 |
| | 2. ДАНОК НА ПРОМЕТ, ДАНОК НА ИМОТ И НА ПРИХОДИ ОД ИМОТ | | | |
| 21 | Основен данок на промет на производи и услуги | 1.457.938.000 | 1.457.938.000 | 1.425.086.510 |
| 22 | Посебен републички данок на промет на производи | 178.756.000 | 178.756.000 | 183.944.084 |
| | ВКУПНО ВИДОТ 2 ДАНОЦИ | 1.636.694.000 | 1.636.694.000 | 1.609.030.594 |
| | 3. ТАКСИ | | | |
| 32 | Такси за вода | 9.825.000 | 9.825.000 | 9.825.000 |
| | ВКУПНО ВИДОТ 3 ТАКСИ | 9.825.000 | 9.825.000 | 9.825.000 |
| | 5. ПРИХОДИ ПО ПОСЕБНИ ПРОПИСИ ПАРИЧНИ КАЗНИ | | | |
| 51 | Парични казни | 17.528.000 | 17.528.000 | 15.510.873 |
| | ВКУПНО ВИДОТ 5 ПАРИЧНИ КАЗНИ | 17.528.000 | 17.528.000 | 15.510.873 |
| | 6. ПРИХОДИ НА ОРГАНИТЕ И ДРУГИТЕ ПРИХОДИ | | | |
| 61 | Приходи на органите на управата | 2.500.000 | 2.500.000 | 3.761.400 |
| 62 | Други приходи | 64.430.000 | 64.430.000 | 74.282.560 |
| | ВКУПНО ВИДОТ 6 ДРУГИ ПРИХОДИ | 66.930.000 | 66.930.000 | 78.043.960 |
| | 7. ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 73 | Дополнителни средства од Федерацијата | 523.929.000 | 523.929.000 | 518.256.000 |
| | ВКУПНО ВИДОТ 7 ПРИХОДИ ОД ОПЗ | 523.929.000 | 523.929.000 | 518.256.000 |
| | ДРУГИ КОРИСТЕНИ СРЕДСТВА | | | |
| | — Емисија на обврзници | — | — | 6.240.900 |
| | ВКУПНО ДРУГИ КОРИСТЕНИ СРЕДСТВА | — | — | 6.240.900 |
| | ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА РАСПОРЕД (видови од 1 до 7) | 2.370.477.000 | 2.370.477.000 | 2.364.649.109 |

## II. ОПШТ РАСПОРЕД НА ПРИХОДИТЕ

| Број на сметката | ВИД НА ПРИХОДИТЕ | Предвидено по буџетот | Предвидено по ребалансот и дополнителните измени | Остварено |
|---|---|---|---|---|
| | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 01—1 | Средства за редовна дејност | 140.938.000 | 135.944.500 | 135.944.500 |
| 01—2 | Средства за посебни намени | 125.395.250 | 116.858.222 | 115.474.767 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 01: | 266.333.750 | 252.802.722 | 251.419.267 |
| | 03 — ДЕЈНОСТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ | | | |
| 03 | Средства распоредени за финансирање на општествено-политичките организации и на здруженијата на граѓани | 50.710.800 | 50.710.800 | 50.608.449 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 03: | 50.710.800 | 50.710.800 | 50.608.449 |
| | 04 — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | | |
| 04—1 | Средства за тековни вложувања | 41.153.000 | 41.153.000 | 41.042.542 |
| 04—3 | Средства за отплата на обврските од поранешните години | 1.130.000 | 1.130.000 | 1.112.964 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 04: | 42.283.000 | 42.283.000 | 42.155.506 |
| | 05 — ДЕЈНОСТ НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ | | | |
| 05 | Средства распоредени за образование и воспитување | 9.011.000 | 9.011.000 | 8.767.493 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 05: | 9.011.000 | 9.011.000 | 8.767.493 |
| | 06 — НАУЧНА ДЕЈНОСТ | | | |
| 06 | Средства распоредени за научна дејност | 4.485.000 | 4.485.000 | 4.432.598 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 06: | 4.485.000 | 4.485.000 | 4.432.598 |
| | 07 — КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ДЕЈНОСТ | | | |
| 07 | Средства распоредени за културно-просветна дејност | 13.150.450 | 13.150.450 | 13.116.627 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 07: | 13.150.450 | 13.150.450 | 13.116.627 |
| | 08 — СОЦИЈАЛНИ ГРИЖИ | | | |
| 08 | Средства распоредени за социјални грижи | 41.009.000 | 49.296.499 | 49.210.509 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 08: | 41.009.000 | 49.296.499 | 49.210.509 |
| | 09 — ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | | | |
| 09 | Средства распоредени за здравствена заштита | 49.513.000 | 49.536.218 | 49.498.292 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 09: | 49.513.000 | 49.536.218 | 49.498.292 |
| | 12 — ПРИДОНЕСИ НА БУЏЕТИТЕ НА ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 12 | Придонес за финансирање на потребите на Федерацијата | 1.139.386.000 | 1.139.386.000 | 1.139.386.000 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 12: | 1.139.386.000 | 1.139.386.000 | 1.139.386.000 |
| | 14 — ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА | | | |
| 14—1 | Општи дополнителни средства | 315.440.000 | 315.440.000 | 315.440.000 |
| 14—2 | Наменски дополнителни средства | 202.769.000 | 202.769.000 | 202.769.000 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 14: | 518.209.000 | 518.209.000 | 518.209.000 |
| | 16 — ИНТЕРВЕНЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО | | | |
| 16—2 | Средства за компензации, премии, регреси и надоместоци | 92.785.000 | 96.501.550 | 96.446.303 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 16: | 92.785.000 | 96.501.550 | 96.446.303 |
| | 17 — ТЕКОВНА БУЏЕТСКА РЕЗЕРВА И ОБВРСКИ ОД ПОРАНЕШНИ ГОДИНИ | | | |
| 17—1 | Тековна буџетска резерва | 5.400.000 | 16.357.270 | 16.357.270 |
| 17—2 | Обврски од поранешните години | 9.127.000 | 1.827.000 | 1.790.224 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 17: | 14.527.000 | 18.184.270 | 18.147.494 |
| | 18 — КРЕДИТИ, ОРОЧЕНИ И ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА | | | |
| 18—4 | Издвоени средства на резервите | 6.360.000 | 5.577.894 | 5.577.874 |
| 18—5 | Отплати на кредити | 2.064.000 | 692.597 | 684.820 |
| | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 18: | 8.424.000 | 6.270.491 | 6.262.694 |
| | ВКУПНО РАСПОРЕДЕНИ ПРИХОДИ (01 до 18) | 2.249.827.000 | 2.249.827.000 | 2.247.660.232 |
| | СРЕДСТВА РАСПОРЕДЕНИ ВО ОПШТИОТ ДЕЛ НА БУЏЕТОТ ЗА ДРУГИ ПОТРЕБИ НА РЕПУБЛИКАТА — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | 120.650.000 | 120.650.000 | 109.199.542 |
| | ВКУПНО РАСПОРЕДЕНИ ПРИХОДИ | 2.370.477.000 | 2.370.477.000 | 2.356.859.774 |
| | НЕРАСПОРЕДЕНИ ПРИХОДИ | — | — | 7.789.335 |
| | ВКУПНО: | 2.370.477.000 | 2.370.477.000 | 2.364.649.109 |

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

Член 4

Предвидениот и извршениот распоред на приходите изнесени во посебниот дел на завршната сметка за извршување на Републичкиот буџет за 1974 година е составен дел на овој закон и ќе се отпечати како посебен додаток во истиот број „Службен весник на СРМ“ во кој ќе се објави и Законот.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**346.**

Врз основа на член 7 од Законот за определени облици на општествена заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 15 и 16 јули 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА НЕПОСРЕДНАТА ДЕТСКА ЗАШТИТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1975 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува Програмата за развој на непосредната детска заштита во Социјалистичка Република Македонија за 1975 година.

Член 2

Програмата за развој на непосредната детска заштита во Социјалистичка Република Македонија во 1975 година е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1779
16 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски** с.р.

## ПРОГРАМА

## ЗА РАЗВОЈ НА НЕПОСРЕДНАТА ДЕТСКА ЗАШТИТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1975 ГОДИНА

Основа за програмирање развојот на непосредната детска заштита во Републиката во 1975 година претставуваат уставните начела за самоуправно организирање на нашето самоуправно социјалистичко општество, документите на X конгрес на СКЈ и на VI конгрес на СКМ, документите на VII конгрес на ССЈ и на IX конгрес на ССМ, Резолуцијата на основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Социјалистичка Република Македонија во 1975 година, како и одредбите на Законот за определени облици на општествената заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата.

За реализирање на потребата од организирана работа во унапредувањето на непосредната детска заштита, заради изедначување на условите за нега и воспитување на сите деца низ разните форми на организирана општествена заштита, развојот на непосредната детска заштита во 1975 година се насочува кон решавање на прашањата и проблемите кои во одреден период ќе обезбедат повисок степен на еднаквост во развојните услови на децата во нашата Република.

Заради обезбедување на континуитет во развојот на непосредната детска заштита во Републиката, во 1975 година ќе се вложуваат напори за позабрзан и поусогласен регионален развој на приоритетните облици на непосредна детска заштита како дел од грижата за обезбедување на услови за организирано подигање и воспитување на децата.

Имајќи го тоа предвид, како и создадената материјална основа за непосредна детска заштита — преку здружување на средствата на работниците и другите работни луѓе во организациите на здружениот труд и другите организации и заедници, во политиката за развој на непосредната детска заштита во 1975 година се определува приоритетен позабрзан развој на:

— опфатеноста на децата од 0—14 години во установите за дневен престој на деца, преку зголемување на капацитетите за дневен престој на децата од предучилишна и училишна возраст — детски јасли, детски градинки, комбинирани детски установи, забавишта, продолжен престој на децата во училиште и
— општествена исхрана на децата, преку зголемување бројот и капацитетот на училишните кујни и опфаќање на поголем број ученици со општествена исхрана.

Покрај тоа, во 1975 година развојот ќе се насочи и кон другите облици низ кои се остварува непосредната детска заштита — одморот и рекреацијата на децата, интернатското сместување на децата, особено од село, кои патуваат до училиштето.

I

### I. ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА И УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

— Опфатеноста на децата од предучилишна возраст (0—6 години) детски јасли, детски градинки, комбинирани детски установи, ќе се зголеми со изградба на уште 33 нови објекти во кои ќе се опфатат 4180 деца, главно на вработени родители.

Објектите според потребите, согледувањата и можностите на општинските самоуправни интересни заедници за општествена заштита на децата ќе бидат изградени во следните општини:

| Општини | Предучил. дет. установи | |
|---|---|---|
| | Број на установи | Број на опфатени деца |
| Берово | 1 | 80 |
| Битола | 2 | 250 |
| Гевгелија | 1 | 150 |
| Гостивар | 1 | 60 |
| Дебар | 2 | 300 |
| Демир Хисар | 1 | 120 |
| Кавадарци | 1 | 150 |
| Кичево | 1 | 100 |
| Кратово | 1 | 150 |
| Крива Паланка | 1 | 120 |
| Куманово | 1 | 120 |
| Неготино | 1 | 160 |
| Охрид | 2 | 300 |
| Прилеп | 2 | 300 |
| Ресен | 2 | 140 |
| Свети Николе | 2 | 180 |
| Скопје | 4 | 530 |
| Струга | 2 | 200 |
| Струмица | 1 | 160 |
| Тетово | 1 | 160 |
| Титов Велес | 1 | 150 |
| Штип | 2 | 300 |
| ВКУПНО: | 33 | 4180 |

Во спроведувањето на законските одредби и Резолуцијата за основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Социјалистичка Република Македонија во 1975 година, за поусогласен и позабрзан развој на непосредната детска заштита, од вкупно 33 нови предучилишни установи, 13 ќе бидат лоцирани во неразвиените општини, а 20 во развиените општини односно 6 ќе бидат лоцирани во селата: Богданци, Варош, Вевчани, Крани, Папрадник и Џумајлија.

— При редовните основни училишта во Републиката во 1975 година ќе се отварат уште 120 нови забавишта за кои општинските заедници за општествена заштита на децата имаат потпишано самоуправна спогодба, со следниве општински заедници за основно образование, за обезбедување на простор и кадар:

| Општини | Забавишта при редов. основни училишта | |
|---|---|---|
| | Број на училишта | Број на опфатени деца |
| Берово | 6 | 160 |
| Делчево | 5 | 160 |
| Кавадарци | 14 | 430 |
| Кочани | 15 | 425 |
| Куманово | 4 | 120 |
| Неготино | 4 | 120 |
| Прилеп | 14 | 420 |
| Пробиштип | 2 | 70 |
| Ресен | 5 | 175 |
| Скопје | 10 | 300 |
| Струга | 6 | 180 |
| Тетово | 6 | 180 |
| Титов Велес | 11 | 300 |
| Битола | 8 | 240 |
| Брод | 5 | 175 |
| Валандово | 4 | 110 |
| Гевгелија | 1 | 35 |
| ВКУПНО | 120 | 3600 |

Во овие забавишта ќе бидат опфатени 3600 деца-потенцијални првачиња.

Најголем број од забавиштата при редовните основни училишта ќе се отворат во неразвиените општини и на село, што ќе овозможи поголем опфат на децата и приближно еднакви услови за развој.

— Во установите за продолжен дневен престој на децата ќе бидат опфатени 700 ученици во четири општини во Републиката — Битола, Скопје, Титов Велес и Штип, со обезбедување на простор за објекти. Општинските заедници за општествена заштита на децата имаат потпишано самоуправна спогодба со општинските заедници за основно образование за обезбедување на простор и кадар.

## II. ОПШТЕСТВЕНА ИСХРАНА НА ДЕЦАТА

Скратувањето на работната недела и зголемувањето на часовите во работните денови во основното образование, го наметнува прашањето за организирање на општествена исхрана на децата во основните училишта.

Во 1975 година, преку самоуправно спогодување со заедниците за основно образование, ќе се отворат уште 196 училишни кујни за општествена исхрана (главно млечен оброк), со уште 40500 новоопфатени ученици.

Во 1975 година ќе се отворат училишни кујни во сите општини во Републиката. Особено значајно е тоа што се вложуваат напори со општествена исхрана да се опфатат децата и од најоддалечените села.

## III. ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА

Организираниот одмор и рекреација на децата се остварува низ детските одморалишта, детските игралишта, пионерските домови и други институции.

Состојбата на постојното 21 детско одморалиште во Републиката е крајно незадоволителна, затоа што не можат да служат за својата намена. Поради тоа, во 1975 година општинските и Републичката заедница ќе вложат напори постојните објекти да се оспособат за нормално работење со одреден стандард, а ќе се градат и нови објекти според потребите на општинските заедници.

## IV. ИНТЕРНАТСКО СМЕСТУВАЊЕ

Посебен проблем во нашата Република претставува згрижувањето на учениците — патници односно учениците кои поради оддалеченоста на местото на живеењето од училиштето се принудени да пешачат повеќе километри. За згрижување на овие ученици — патници во 1975 година општинските заедници за општествена заштита на децата и заедниците за основното образование своите напори ќе ги насочат кон обезбедување на минимални услови за згрижување.

## II

## ФИНАНСИРАЊЕ РАЗВОЈОТ НА НЕПОСРЕДНАТА ДЕТСКА ЗАШТИТА ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1975 ГОДИНА

Средствата на општинските заедници кои служат за финансирање на непосредната детска заштита во 1975 година, согласно со Резолуцијата за основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развиток на СР Македонија во 1975 година, ќе се формираат, во просек, со побавна динамика најмалку за 20% од номиналниот пораст на општествениот производ, што се цени дека ќе изнесува 31,9 — 32,0%.

Со стапката на придонесот од личен доход од работен однос од земјоделска дејност, од самостојно вршење на стопански и нестопански дејности како и од други извори, се очекува општинските заедници да остварат вкупни средства во износ од 183,2 милиони динари и тоа:

| | |
|---|---|
| — од придонес од личен доход од работен однос | 72,7 мил. дин. |
| — од други извори (организации на здружен труд, месни заедници и други) преку здружување на средствата | 30,0 мил. дин. |
| — учество на Републичката заедница во финансирање на НДЗ | 80,5 мил. дин. |
| ВКУПНО: | 183,2 мил. дин. |

Остварените средства, општинските заедници ќе ги користат претежно за инвестициони вложувања во изградба и опрема на установи за дневен престој на децата од предучилишна возраст во износ од 100,6 милиони динари, како и за развој на сите други облици на непосредната детска заштита според утврдените програми за 1975 год.

Во 1975 година Републичката заедница, преку учеството во финансирањето и развитокот на непосредната детска заштита ќе учествува во:

| | |
|---|---|
| — инвестициони вложувања за градба и опрема на установи за дневен престој на децата | 70,6 мил. дин. |
| — опрема на забавишта при основните училишта | 5,0 мил. дин. |
| — опрема на установи за продолжен дневен престој | 3,0 мил. дин. |
| — опрема на училишни кујни за општествена исхрана на децата | 20,0 мил. дин. |
| — градба и опрема на објекти за одмор и рекреација на децата | 15,3 мил. дин. |
| — градба и опрема на интернати | 5,0 мил. дин. |
| ВКУПНО: | 118,9 мил. дин. |

Програмата за развој на непосредната детска заштита, како дел од грижата за организирано згрижување и воспитување на децата, ќе се реализира:

— со доследно применување на критериумите со учество на Републичката заедница во финансирањето развојот на непосредната детска заштита во Републиката, донесени од Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата,

— со усогласување на програмата за развој на непосредната детска заштита во Републиката со програмата на другите интересни заедници кои имаат свои обврски и задачи во оваа област (заедниците за основно образование, за социјална заштита, за култура, за здравство и здравствено осигурување и други) заради конкретизирање на обврските особено во финансирањето на непосредната детска заштита по пат на самоуправни спогодби,

— со применување на минималните барања за изградба и опрема на установи за дневен престој на децата од предучилишна возраст — детски јасли, детски градинки, комбинирани детски установи за кои веќе е потпишана самоуправна спогодба меѓу Републичката заедница и општинските самоуправни интересни заедници за општествена заштита на децата и изготвување на нормативи — минимални барања за градба и опрема за забавишта, за установи за продолжен дневен престој во основните училишта, училишните кујни и другите облици низ кои се остварува непосредната детска заштита, донесени од Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата,

— изготвување на проекти за типска градба и опрема на сите видови установи за дневен престој на предучилишни и училишни деца, со цел да се постигне рационалност, економичност и функционалност на објектите, како и стандард, кој ќе биде еднаков за сите деца независно од подрачјето на кое се наоѓа установата,

— со давање, прифаќање и насочување на иницијативите од општинските заедници, организациите на здружениот труд, месните заедници и граѓаните, за здружување на средствата во општинските заедници за решавање на одделни проблеми од оваа област, залагањата да бидат насочени кон тоа, при програмирањето на непосредната детска заштита во оваа година, обезбедувањето на материјалните средства во општините да стане од повеќе извори и,

— општинските самоуправни интересни заедници за општествена заштита на децата и Републичката заедница треба да се залагаат за економичност, рационално и наменско трошење на средствата за непосредна детска заштита по пат на самоуправно спогодување.

---

**347.**

Врз основа на член 24 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 41/73), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА АРХЕОЛОШКИОТ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

I. За директор на Археолошкиот музеј на Македонија се именува Сарџо Сарџовски, кустос — археолог во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1457/1
24 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**348.**

Врз основа на член 62, алинеја 1 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА УСЛОВИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА КВАЛИТЕТНИОТ ПРИПЛОДЕН И ЕЛИТНИОТ ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК ВО ПОГЛЕД НА ПРОИЗВОДНАТА И ПРИПЛОДНАТА СПОСОБНОСТ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите што треба да ги исполнува квалитетниот приплоден и елитниот приплоден добиток во поглед на производната и приплодната способност.

А. — **Квалитетен приплоден добиток**

Член 2

Женскиот квалитетен приплоден добиток треба да ги исполнува следните услови:

1. да потекнува од раси или селекционирани популации кои се застапени на ова подрачје или кои можат да се внесат со одобрение на републичкиот секретар за земјоделство и шумарство,

2. да одговара на утврдените стандарди пропишани за одредена раса и да е распоредено најмалку во Ш класа според Правилникот за начинот и постапката за вршење стручен надзор, одбирање и оценување на квалитетниот приплоден добиток.

Член 3

Покрај условите предвидени во точката 1 на претходниот член машкиот квалитетен приплоден добиток треба да ги исполнува и следните услови:

1. да одговара на пропишаните стандарди и да е распореден најмалку во П класа според Правилникот за начинот и постапката за вршење стручен надзор, одбирање и оценување на квалитетниот приплоден добиток;

2. да е прогенотестиран според единствен метод и да нема покажано негативни резултати во приплодот.

Б. — **Елитен приплоден добиток**

Член 4

Покрај условите од точката 1 на член 2 елитниот приплоден добиток треба да ги исполнува следните услови:

1. да биде распореден во класа „Е“ според Правилникот за начинот и постапката за вршење стручен надзор, одбирање и оценување на квалитетниот приплоден добиток.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 08-1428/1
16 јуни 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски**, с. р.

---

**349.**

Врз основа на член 62, алинеја 2 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА НАЧИНОТ НА ИСПИТУВАЊЕ НА МАШКИТЕ ПРИПЛОДНИ ГРЛА НА ПОТОМСТВО (ПРОГЕНОТЕСТИРАЊЕ) СПОРЕД ЕДИНСТВЕН МЕТОД

I. — ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Испитување на машко приплодно грло на потомство (прогенотестирање) се врши според овој

правилник и стручното упатство на Институтот за сточарство и ветеринарство.

Испитувањето се врши за да се утврди неговата приплодна вредност и пренесувањето на неговите наследни особини на потомството.

Член 2

Прогенотестирање се врши на што помлади машки приплодни грла (приплодници).

Прогенотестирање може да се врши само кај приплодници што се чистокрвни во поглед на расата и што се претходно оценети и распоредени во класи според Правилникот за начинот и постапката за вршење стручен надзор, одбирање и оценување на квалитетниот приплоден добиток.

Прогенотестирањето се врши првенствено кај приплодници распоредени во класите Е, Іа, І и ІІ класа.

Прогенотестирањето се врши само во поглед на главните особини на расата на која и припаѓа приплодникот.

Член 3

Прогенотестирањето на приплодниците се врши со испитување и оценување определени особини кај определен број машки и женски потомци на тој приплодник земени без посебен избор.

Испитувањето и оценувањето на потомците од ставот 1 на овој член се врши во запатите на производителите на приплоден добиток (метода на испитување потомци во запати) или во станиците за прогенотестирање (метода на тестни станици).

Ако не е можно да се изврши прогенотестирање по методите од ставот 2 на овој член, прогенотестирање може по исклучок да се врши и по методата на визуелна оцена на потомците.

Член 4

Ако прогенотестирањето се врши по методата на испитување потомци во запати, резултатите добиени со испитувањето и оценувањето на тие потомци мораат да се споредат со резултатите земени од соодветната документација — за потомците од иста раса на несродни врсннчки односно врсници во запати од истиот реон и раса на која и припаѓа приплодникот.

Член 5

Ако испитувањето се врши по методата на тестни станици, во станицата мораат да бидат обезбедени оптимални услови во поглед негата, исхраната и држењето на потомците од приплодникот, за да дојде до полн израз способноста за пренесување определени главни особини на расата на која и припаѓа приплодникот.

Член 6

Еден приплодник може да се прогенотестира само по една метода.

За приплодникот што при прогенотестирање покажал добри резултати, стручната служба што го вршела прогенотестирањето издава потврда во која се назначуваат вредностите на испитаните особини и оцените на испитаните потомци.

## II. — ПРОГЕНОТЕСТИРАЊЕ НА БИКОВИ

### а) **По методата на испитување потомци во запати**

Член 7

Прогенотестирањето на бикови по методата на испитување потомци во запати се врши по фази.

Во првата фаза се утврдува дали грлото има дегенеративни својства (биолошки тест). Оценувањето на еден бик се врши кај најмалку 100 телиња од обата пола, стари до 30 дена. Оцената се дава описно, врз база на прегледот на телињата во поглед забележувањето на дегенеративните, семилеталните и леталните знаци на телињата и уедначеноста на тие потомци, како и врз основа на општиот изглед и изгледот на одделни делови на телото, што се изразува со заедничка оцена на типот и формата (екстериер) на телињата со: одличен (5), многу добар (4), добар (3), слаб (2), лош (1).

Во втората фаза се утврдува способноста на грлото за пренесување екстериерот врз потомството. Испитувањето на бикот се врши кај најмалку 25 машки и женски потомци, стари од 1 до 2 години. Потомците се оценуваат со поени од 5 до 1, и тоа само во поглед на оние особини заради кои се испитува грлото (способност за производство на млеко односно способност за производство на месо). Оваа фаза не е задолжителна ако се изведува испитување во петтата фаза.

Во третата фаза се оценува екстериерот и вимето. Оценувањето се врши кај најмалку 20 ќерки-првотелки од бик кој се испитува. Оцената се дава во поени од 5 до 1, и тоа посебно за екстериерот а посебно за вимето. Едновремено се дава и описна оцена на уедначеноста на екстериерот на испитуваните ќерки.

Во четвртата фаза се оценува пренесувањето врз потомството способноста за производство на млеко. Оценувањето на количината и млечната маст на млекото се врши во првата лактација кај најмалку 20 ќерки — првотелки од бик кој се испитува. Просечните резултати од млечноста на ќерките се споредуваат со просекот на млечноста на нивните врснички — првотелки во други запати од истиот реон. Млечната маст се испитува по Герберова и милкотест метода.

Во петтата фаза се оценува пренесувањето врз потомство способноста за производство на месо, и тоа само кај бикови што му припаѓаат на типот на месести и комбинирани раси. Оценувањето се врши кај најмалку 10 машки некастрирани потомци од бик кој се испитува, што имаат иста старост и приближно иста почетна тежина. Оценувањето се врши во огледно гоилиште, и тоа во поглед на прирастот на жива мера и рандманот. Оценувањето на рандманот на грлото се врши со колење просечни примерци гоени грла. Оценувањето на екстериерот на гоените грла може да се врши и со поени од 5 до 1, а оценувањето на нивната уедначеност — описно.

Член 8

Кај приплодни бикови прогенотестирањето се врши кај раси за гоење само во првата и петтата фаза, кај комбинирани раси — во сите фази, а кај млечни раси — во првата, втората, третата и четвртата фаза.

### б) **По методата на тестни станици**

Член 9

По методата на тестни станици се врши прогенотестирање на бикови во поглед пренесувањето способноста за производство на млеко и месо врз потомството.

Оценувањето на пренесувањето способноста за производство на млеко (количина на млеко и млечната маст) врз потомството, се врши кај најмалку 20 ќерки-првотелки од бик кој се испитува, и тоа како кај четвртата фаза по методата на испитување потомци во запати. Ќерките на овие бикови мораат да бидат најмалку во втора половина на гравидност во времето на доаѓањето во станицата. Резултатите од оценувањето на млечноста се сведуваат на просек по бикови и меѓусебно се споредуваат.

Оценувањето на потомци во поглед екстериерот и вимето се врши само како кај третата фаза по методата на испитување потомци во запати.

Оценувањето на пренесувањето врз потомство способноста за производство на месо се врши само како кај првата и петтата фаза по методата на испитување потомци во запати.

Потомците што се оценуваат во тестна станица се проверуваат по методата на крвни групи во поглед потеклото од обата родители.

Во тестните станици може да се врши испитување во поглед способноста на производство на млеко односно месо по оваа метода само ако во таа станица се испитуваат потомци од најмалку два приплодника.

III. — ПРОГЕНОТЕСТИРАЊЕ НА НЕРЕЗИ

Член 10

Прогенотестирањето на нерези се врши само по методата на тестни станици.

Оценувањето се врши, по правило, кај 16, а најмалку кај 12 прасиња, од кои едната половина се од машки а другата половина од женски пол — потомци од 4 маторици што не се во роднинство. Прасињата мораат да бидат просечни прасиња од секое легло, а од секоја маторица се земаат подеднаков број прасиња.

Во испитното гоилиште се ставаат прасиња тешки околу 20 кг. и се гојат до определена тежина (90 до 120 кг.). Резултатите од испитното гоење се изразуваат со потрошок на храна за 1 кг. произведена жива мера, со дневен прираст во грамови и со должина на траењето на гоењето во денови.

Оцената од ставот 3 на овој член се дополнува по колењето на гоените грла и со рандман, со должина на полутинките, со дебелина на сланината на определени делови од телото и со квалитет на одделни месести делови.

Врз основа на резултатите од оценувањето според ставот 3 и 4 на овој член се дава конечна оцена на нерезот.

При утврдувањето на конечната оцена за секој нерез, мораат да се пресметаат и просеци по леглата (маториците) чии потомци се испитувани.

IV. — ПРОГЕНОТЕСТИРАЊЕ НА ПАСТУВИ, ОВНИ И ЖИВИНА

Член 11

Прогенотестирање на пастуви се врши по методата на визуелна оцена на потомците.

Потомците на пастуви се оценуваат во поглед екстериерот, како и во поглед главните особини на расата на која и припаѓа пастувот. Вредностите добиени со тоа оценување се споредуваат со соодветните вредности на пастувот — татко кој се испитува.

Ако приплодниците се спортски грла, тие и нивните потомци се испитуваат и во поглед брзината и издржливоста. Ова испитување се врши на хиподром.

Член 12

Прогенотестирање на овни се врши по методата на визуелна оцена на потомците.

Потомците од овен се оценуваат во поглед екстериерот и главните особини на расата на која и припаѓа овенот, а особено во поглед тежината на грлото и количината и квалитетот на волната за производната насока месо — волна, односно според тежината и млечноста на грлото за производната насока млеко—месо.

Прогенотестирањето на овните од гоилишни и комбинирани раси во поглед пренесувањето способноста за производство на месо, односно млеко и месо, може да се врши по методата на тестни станици.

Член 13

Прогенотестирање на машки грла живина се врши за да се утврдат производните својства на живината од определена раса — линија или комбинација.

Прогенотестирање на машки грла живина може да се врши во запат (на јата) или во станица за прогенотестирање.

V. — ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

По завршеното прогенотестирање резултатите од оценувањето на одделни вредности на приплодници се запишуваат во матичната книга веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена по завршувањето на прогенотестирањето.

Член 15

Прогенотестирањата на приплодници извршени до денот на влегувањето во сила на овој правилник, остануваат во сила.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 1428
16 јуни 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски,** с. р.

---

**350.**

Врз основа на член 62, алинеја 6 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ" бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧЕН НАДЗОР, ОДБИРАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИОТ И ЕЛИТНИОТ ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК

I.

СТРУЧЕН НАДЗОР НАД СЕЛЕКЦИЈАТА И МАТИЧНОТО КНИГОВОДСТВО И ОДБИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИОТ И ЕЛИТНИОТ ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК

Член 1

Стручниот надзор над селекцијата и матичното книговодство, го врши Институтот за сточарство и ветеринарство со задолжителни прегледи на квалитетниот и елитниот приплоден добиток (во натамошниот текст — приплоден добиток), како и на матичните книги и контролната евиденција.

Прегледот на приплодниот добиток се врши најмалку еднаш годишно а на матичните книги и контролната евиденција два пати во годината.

Член 2

Со задолжителниот преглед се утврдува:

1. Бројната, квалитетната и здравствената состојба на грлата за кои се води контрола на производните способности и матичното книговодство и се врши селекција;

2. Состојбата на матичните книги и контролната евиденција и тоа во однос на: начинот на водењето според единствената пропишана методологија и начинот на вршењето на селекцијата.

Член 3

Производителот на приплоден добиток е должен да го извести Институтот за сточарство и ветеринарство дека одгледува приплоден добиток и има организирано контрола на производните способности, матично книговодство и селекција на добитокот, за видот на добитокот и бројот на грлата.

Член 4

Задолжителниот преглед се врши во присуство на претставник на производителот на приплоден добиток, претставник на општинскиот орган на управата надлежен за земјоделство и претставник на подрачната селекциска стручна служба за матично книговодство и селекција, во колку се врши преглед на приплоден добиток кај индивидуално земјоделско стопанство.

Член 5

Покрај задолжителниот преглед, Институтот за сточарство и ветеринарство издава потврда за уредно водење на матичното книговодство и вршењето на селекција.

Член 6

По секој завршен задолжителен преглед се составува записник што го потпишува претставникот на Институтот за сточарство и ветеринарство и производителот на приплоден добиток.

Записникот се изготвува во три примероци од кои еден примерок останува кај Институтот за сточарство и ветеринарство, еден кај подрачната селекциска стручна служба за матично книговодство и селекција во колку се врши преглед на приплоден добиток кај индивидуално земјоделско стопанство, а еден примерок се дава на производителот.

Член 7

Врз база на резултатите од задолжителниот преглед и увидот од матичното книговодство се врши одбирање на грлата за запишување во матичните книги.

## II. — НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРИПЛОДНИОТ ДОБИТОК И НЕГОВОТО РАСПОРЕДУВАЊЕ ВО КЛАСИ

Член 8

На оценување, подлежат машките и женските грла што се користат како приплодни грла, и подмладокот добиен од приплодниот добиток.

Оценувањето на приплодниот добиток се врши според стручното упатство на Институтот за сточарство и ветеринарство.

Член 9

Оценувањето на приплодната вредност на добитокот се врши врз основа на:

1. производната вредност на грлото утврдена со мерење на количината и квалитетот на главните производи на грлото;

2. оценката на типот и формата на грлото (екстериер);

3. потеклото на грлото;

4. резултатите од прогенотестирањето на грлата наменети за вештачко осеменување.

Како екстериер на грлото, се подразбира општиот изглед, димензиите и формата на телото на грлото, што и одговараат на целта на одгледувањето на односната раса односно типот.

Член 10

Оценувањето на подмладокот од приплоден добиток се врши врз основа на екстериерот на грлото и податоците за приплодната и производната вредност на неговите предци.

Член 11

Оценувањето на екстериерот на грло се врши по визуелна метода, а по потреба и со мерење.

Оцената се дава во поени од 5 до 1 така што грлото со одличен екстериер се оценува со Т5, со многу добар — Т4, со добар — Т3, со слаб — Т2 и со лош — Т1.

При оценувањето на женски грла, освен женските грла од исклучиво гоилишни раси добиток, покрај давањето поени за екстериерот на грлото, се даваат и поени за формата на вимето, и тоа: од 5 до 1, така што грлото со одлично виме се оценува со В5, со многу добар — В4, со добар — В3, со слаб — В2 и со лош — В1.

При оценувањето на екстериерот на коњите, наместо поените од ставот 2 на овој член, можат да се даваат поени од 30 до 15.

Член 12

Оценувањето на плодноста и производноста на грлата, резултатите од испитувањето на потомство и друго се врши врз основа на податоците од соодветната евиденција.

Член 13

Врз основа на вкупните резултати добиени со оценувањето на приплодната и производна вредност, возрасните грла се распоредуваат во класи: Іа, І, ІІ и ІІІ.

Ако грлата од ставот 1 на овој член исполнуваат и посебни услови во поглед на производноста, а машките грла ако имаат и одлични резултати добиени при испитување на потомство, можат да се распоредат во класа на елитни приплодни грла (класа Е).

Член 14

Возрасните грла на приплоден добиток се оценуваат најмалку еднаш, и тоа по првото приплодување и првите контролирани податоци за производството.

Оценувањето на подмладокот се врши најмалку еднаш, и тоа до стасувањето за приплод.

Класата и оцените на грлото (поентирање, мерење и др.) се запишуваат во соодветната евиденција за тоа грло.

Член 15

Грлата распоредени во класите од членот 13 на овој правилник сочинуваат одбран приплоден запат на добиток.

Од одбраниот приплоден запат можат да се распоредат во матичен запат само грлата распоредени во класите Е, Іа, І и ІІ, а во елитен запат — само грлата распоредени во класите Е и Іа.

Член 16

При оценување на грлата се ценат првенствено економски значајните производни особини на расата на која и припаѓа грлото.

### 1. Оценување на приплодни говеда

Член 17

Домашното шарено говедо „Сименталец“ и „Оберинталско“ (сиво) говедо се оценуваат од гледна точка на особините: месо — млеко, а црно шареното (фризијското) и костенливото (монтафонското) говедо за млеко — месо.

Другите раси говеда се оценуваат според одликите на тие раси, од гледна точка на особините за производство на млеко или месо.

Расите од ставот 1 на овој член се оценуваат како раси со комбинирани својства, а расите од ставот 2 на овој член — како специјализирани раси за определено производство.

Член 18

Женските приплодни грла, освен гоилишните раси, се распоредуваат во класи според следните минимални услови, и тоа:

1. Во Іа класа — ако е производството на грлото во рамките на стандардот, ако е грлото оценето најмалку со Т4 и В4, ако грлото има познато потекло за најмалку две генерации предци по татко и мајка, што имаат приближно исти особини и квалитети како и грлото кое се оценува, и ако е неговото производство на млеко според лактациите најмалку:

| | Кг. млеко/% млечна маст по лактации | | |
|---|---|---|---|
| | I | II | III |
| 1. Домашен сименталец и костенливо говедо | 3.300/4,0 | 4.000/4,0 | 4.500/4,0 |
| 2. Црно-бело говедо | 3.800/3,9 | 4.500/3,9 | 5.200/3,9 |
| 3. Сиво говедо | 2.500/3,9 | 3.000/3,9 | 3.500/3,9 |

2. во І класа — ако грлото ги исполнува условите пропишани за Іа класа, освен во поглед производството на млеко, кое може да биде помало за 10% од производството на млеко пропишано за Іа класа;

3. во ІІ класа — ако е грлото оценето најмалку со Т3,5 и В3,5 со производност што не е помала од просечната производност на контролираните грла од таа раса во СР Македонија, и ако има позната мајка и потекло за две генерации по татко, кои имаат приближно исти особини како и грлото кое се оценува;

4. во ІІІ класа — ако е грлото оценето најмалку со Т3 и В3, со производност што не е помала од просекот на контролираните грла за таа раса во

тој регион, и ако има позната мајка и татко, што имаат барем приближно исти особини како и грлото кое се оценува.

Машки приплодни грла се распоредуваат во класите I, II и Ш ако нивните мајки ги исполнуваат условите пропишани за женските грла од ставот 1 на овој член и ако имаат познато потекло за три генерации по татко и мајка.

За распоредување во Ia класа машките приплодни грла, покрај условите од ставот 2 на овој член, мораат да имаат и позитивни резултати од испитување на потомство.

Член 19

Грлата од гоилишни раси говеда се оценуваат и се распоредуваат како грлата од членот 18 на овој правилник, со тоа што кај нив не се определуваат поени за виме ниту се прикажува нивната млечност.

Член 20

Грлата од член 18 и 19 на овој правилник што се распоредени во Ia или I класа, што имаат извонредни резултати по производност, особено во поглед млекото и млечната маст односно месото, како и приплодните бикови со одлични резултати добиени при испитување на потомство можат да се распоредат во Е класа.

**2. Оценување на приплодни свињи**

Член 21

Белите месести свињи (шведски ландрас, холандски ландрас, белгиски ландрас, германски ландрас) голем јоркшир, домашната бела месеста свиња и други домашни и странски месести раси свињи се оценуваат како бели месести свињи од гледна точка на интензивно производство на месо.

Свињите од став 1 на овој член се оценуваат и од гледна точка на особините што нив ги прават погодни за заменување слабо продуктивните домашни раси.

Член 22

Возрасни приплодни свињи од расите наведени во членот 21 на овој правилник се оценуваат и се распоредуваат во класи според минималните услови во првото или второто легло, и тоа:

1. Во Ia класа — ако е грлото оценето со Т5, ако грлото има најмалку 12 цицки и 10 залачени прасиња во леглото со 28 дена старост, чија просечна тежина по прасе е на горната граница на производноста за таа раса, и ако грлото има познато потекло за три генерации по татко и мајка, кои имаат приближно исти особини и квалитети како и грлото кое се оценува;

2. во I класа — ако е грлото оценето со Т5, ако грлото има најмалку 12 цицки и 9 залачени прасиња во леглото со 28 дена старост, чија просечна тежина по прасе е на горната граница на производноста за таа раса, и ако грлото има познато потекло за три генерации предци по татко и мајка, кои имаат приближно исти особини и квалитети како и грлото кое се оценува;

3. во II класа — ако е грлото оценето најмалку со Т4, ако грлото има најмалку 12 цицки и 9 залачени прасиња во леглото со 28 дена старост, чија просечна тежина по прасе е во височина на просекот за таа раса, ако грлото има позната мајка и потекло за три генерации предци по татко, и ако предците се распоредени најмалку во II класа или ги исполнувале условите за распоредување во таа класа;

4. во Ш класа — ако е грлото оценето најмалку со Т3, ако грлото има најмалку 12 цицки и 8 залачени прасиња во леглото со 28 дена старост, чија просечна тежина по прасе е на просечна граница на производноста за таа раса, и ако има позната мајка и татко.

Член 23

За елитни грла се прогласуваат грлата од членот 22 на овој правилник, и тоа машките ако се распоредени во класата Ia или I класа и ако имаат одлични резултати од испитување на потомство, а женските грла ако се распоредени во класата Ia или I и ако производноста им е просечно 10,5 залачени прасиња, со просечна тежина на прасиња од 28 дена старост — 8 кг. или од 56 дена старост — 17 кг.

**3. Оценување на приплодни овци**

Член 24

Расите и типовите овци, мерино прекос, мерино делест, виртембершка овца, мерино дарл и слични раси со комбинирани својства, се оценуваат од гледна точка на способноста за интензивно производство на месо и волна.

Домашната мерино овца и типовите облагородени домашни овци се оценуваат од гледната точка на погодност за облагородување и натамошно подобрување на способноста на домашните овци за производство на месо, волна и млеко.

Член 25

Возрасните грла овци од членот 24 на овој правилник се оценуваат врз основа на месестост и обраснатост со густа бела волна од определена финост како и количината на млеко.

При оценување на грлата се зема предвид и тежината во однос на староста на грлото — соодветната тежина, екстериерот, конституцијата и редовната плодност.

Возрасните приплодни грла овци треба да имаат изразени полови ознаки и да бидат без телесни мани што значително го загрозуваат искористувањето на грлото.

Член 26

Приплодните овци и овни се оценуваат и се распоредуваат во класи според следните минимални услови:

1. во Ia класа, ако е грлото оценето со Т5, ако грлото има соодветна тежина, со производност на горната граница на таа раса, и ако грлото има познато потекло за две генерации по татко и мајка, кои имаат приближно исти особини и квалитети како и грлото кое се оценува;

2. во I класа, ако е грлото оценето со Т4, ако грлото има соодветна тежина, со производност во височина на просекот на таа раса и ако грлото има познато потекло за две генерации предци по татко и мајка, кои имаат приближно исти особини и квалитети како и грлото кое се оценува;

3. во II класа, ако е грлото оценето со Т3, со производност во височина на просекот на таа раса, и ако грлото има позната мајка и татко, кои имаат приближно исти особини и квалитети како и грлото кое се оценува;

4. во Ш класа, ако е грлото оценето со Т3, со производност во височина на просекот на таа раса односно тип во односниот реон, и ако има податоци за неговото потекло.

Член 27

Возрасните грла приплодни овци и овни распоредени во Ia и I класа што ќе покажат извонредни резултати во производноста, особено во поглед на месото, волната и плодноста, и во поглед пренесувањето позитивните особини врз потомците, се распоредуваат во класата Е.

**4. Оценување на приплодни коњи**

Член 28

Приплодните коњи се оценуваат и се распоредуваат во класи според следните минимални услови:

1. во класата Іа и І, ако грлото е од одличен и беспрекорен екстериер и со висока приплодна вредност, и ако грлото има познато потекло за пет генерации по татко и мајка, кои имаат консолидирани особини;

2. во II и III класа, ако е грлото со многу добар односно добар екстериер и приплодна вредност и ако грлото има познато потекло за пет генерации по татко и мајка, кои имаат консолидирани особини.

Оценувањето на екстериерот на приплодни коњи се врши и со давање поени од 30 до 15, со тоа што во Іа класа да може да се распореди грло што ќе добие 30 до 27 поени, во І класа грло што ќе добие 26 до 23 поени, а во II класа грло што ќе добие 22 до 18 поени и во III класа грло што ќе добие 17 до 15 поени.

Грлата од англиска полнокрвна раса и касачки раси се испитуваат и на хиподром, а при оценување на грлата се земаат предвид и тие резултати.

Член 29

Грлата распоредени во І класа што ќе покажат одлични резултати во приплодот односно во поглед пренесувањето врз потомците на главните особини на расата и работните и тркачките способности, можат да се распоредат во класата Е.

**5. Оценување на приплодни кокошки и петли**

Член 30

Приплодните кокошки и петли се распоредуваат во класите: Е, І, II и III.

Линиите или јатата кокошки можат да се распоредат во класите Е ако даваат годишно по грло преку:

1. 230 јајца — кај раси за производство на јајца;

2. 200 јајца — кај комбинирани раси;

3. 160 јајца — кај раси за месо.

Расите за месо треба да се од одличен екстериер, со интензивен прираст и опердување и со одлична способност за користење храна (конверзија).

**6. Оценување на подмладок**

Член 31

Подмладокот од приплоден добиток се распоредува во I, II или III класа, врз основа на потеклото и екстериерот на грлото, според особините на расата на која и припаѓа и според развиеноста — тежината за добата во која се наоѓа.

III. — ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Приплодниот добиток што е оценет и распореден во класи до денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе ги задржи добиените оценки и класи.

Член 33

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 08-1428
16. VI. 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски,** с. р.

**351.**

Врз основа на член 62, став 1, алинеја 5 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

# УПАТСТВО

## ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ И ОБРАСЦИТЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА КВАЛИТЕТЕН И ЕЛИТЕН ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК

1. Регистарот на производителите на квалитетен приплоден добиток и регистарот на производителите на елитен приплоден добиток се води според одредбите на ова упатство.

2. Регистарот на производителите на квалитетен приплоден добиток се води по образец 1, а регистарот на производителите на елитен приплоден добиток по образец 2, што се составни делови на ова упатство.

Во случај на пријава на поголем број производители на квалитетен приплоден добиток кон регистарот се води именик. Именикот се води по азбучен ред по називот односно името на производителот, или по регистарскиот број по кој се води во регистарот.

3. Регистрите од точката 1 на ова упатство се водат во форма на тврди укоричени книги чии страни се означени со редни броеви, прошиени и потпечатени.

4. На еден регистарски лист може да се впишуваат податоци само за еден производител на квалитетен приплоден односно елитен приплоден добиток.

5. Во регистарот се внесуваат податоците предвидени со образецот како и промените што ќе настанат по впишувањето.

Промените се впишуваат со денот кога е примена пријавата за промена.

Како ден за престанок важноста на впишувањето во регистарот на производителите на квалитетен приплоден односно елитен приплоден добиток се смета денот наведен во актот со кој се утврдува престанокот.

6. Впишувањето во регистарот се врши со црно мастило а исправките со црвено мастило.

Секоја исправка во регистарот ја заверува лицето што го води регистарот.

7. Со пополнување на регистарскиот лист се отвара нов регистарски лист на кој се означува регистарската страна од која е извршен преносот на поранешниот регистарски лист.

8. Кон регистарот на производители на квалитетен приплоден добиток односно елитен приплоден добиток се води документација.

Во документацијата се чуваат пријавите и другите списи што се во врска со регистрите на производителите.

9. Со влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за обрасците на регистарот на производителите на квалитетен приплоден добиток и регистарот на производители на елитен приплоден добиток и начинот на водењето на регистрите („Службен весник на СРМ“ бр. 10/67).

10. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-1428
16 јуни 1975 година
Скопје

Републички секретар за
земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

Формат 50 x 40

Образец бр. 1

Регистар на производителите на квалитетен приплоден добиток

| Реден број на уписот | Датум на уписот на производителот во регистарот | Број и датум на решението за упис | Назив и седиштето на организацијата на здружен труд односно фамилијарно и родено име на производителот со точна адреса | Кој вид и раса (тип) на добиток ќе произведува | Број на добиток во почетокот на годината (15 јануари) | Датум на бришењето на производителот од регистарот | Број и датум на решението за бришење на производителот од регистарот | Причини за бришење на производителот од регистарот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

Формат 50 x 40

Образец бр. 2

Регистар на производителите на елитен приплоден добиток

| Реден број на уписот | Датум на уписот на производителот во регистарот | Број и датум на решението за упис | Назив и седиштето на организацијата на здружен труд односно фамилијарно и родено име на производителот со точна адреса | Кој вид и раса (тип) на добиток ќе произведува | Број на добитокот во почетокот на годината (15 јануари) | Датум на бришењето на производителот од регистарот | Број и датум на решението за бришење на производителот од регистарот | Причини за бришење на производителот од регистарот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

352.

Врз основа на член 62, алинеја 3 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СПЕРМА ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ**

1. За производство на сперма за вештачко осеменување се овластува здружениот ветеринарен и сточарски институт — ООЗТ Институт за сточарство и ветеринарство — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-1428
16 јуни 1975 година
Скопје

Републички секретар за земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

---

353.

Врз основа на член 62, алинеја 4 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА СТРУЧНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧЕН НАДЗОР НАД СЕЛЕКЦИЈАТА И МАТИЧНОТО КНИГОВОДСТВО НА ДОБИТОКОТ**

1. За вршење стручен надзор над селекцијата и матичното книговодство на добитокот се овластува здружениот ветеринарен и сточарски институт — ООЗТ Институтот за сточарство и ветеринарство — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-1428/1
16 јуни 1975 година
Скопје

Републички секретар за земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

---

354.

Врз основа на член 62, алинеја 7 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА ВРШЕЊЕ КОНТРОЛА НАД КВАЛИТЕТНАТА СОСТОЈБА НА СТОЧНАТА ХРАНА**

1. За вршење контрола над квалитетната состојба на сточната храна се овластува здружениот ветеринарен и сточарски институт — ООЗТ Институтот за сточарство и ветеринарство — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-1428/4
16 јуни 1975 година
Скопје

Републички секретар за земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

355.

Врз основа на член 62, алинеја 8 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА НАУЧНА ИНСТИТУЦИЈА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ ЗА УВОЗ НА ЖЕНСКИ ПРИПЛОДНИ ГРЛА ОД НОВИ И НЕАДАПТИРАНИ РАСИ**

1. За давање мислење за увоз на женски приплодни грла од нови и неадаптирани раси се овластува Институтот за сточарство при Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-1428/3
16 јуни 1975 година
Скопје

Републички секретар за земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

---

356.

Врз основа на член 62, алинеја 9 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЗА ВРШЕЊЕ АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА ДОБИТОЧНАТА ХРАНА**

1. За вршење анализа и суперанализа на добиточната храна се овластува Институтот за сточарство при Земјоделско-шумарскиот факултет — Скопје.

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за утврдување список на работни организации кои ги исполнуваат условите за вршење анализа на сточна храна („Службен весник на СРМ“ бр. 11/67).

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-1428/2
16 јуни 1975 година
Скопје

Републички секретар за земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

---

357.

Врз основа на член 27 од Законот за унапредување на сточарството („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКА СТРУЧНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ВОДЕЊЕ НА ГЛАВНАТА МАТИЧНА КНИГА ЗА ЕЛИТЕН ПРИПЛОДЕН ДОБИТОК**

1. За водење на главната матична книга на елитен приплоден добиток се овластува здружениот ветеринарен и сточарски институт — ООЗТ Институтот за сточарство и ветеринарство — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-1428/1
16 јуни 1975 година
Скопје

Републички секретар за земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

**358.**

Врз основа на член 25 и 42, став 3 од Законот за семе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## СПИСОК
## НА ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНА И ЗДРАВСТВЕНА КОНТРОЛА НАД ПРОИЗВОДСТВОТО, ЗА УТВРДУВАЊЕ КВАЛИТЕТОТ И ЗА ВРШЕЊЕ АНАЛИЗА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СЕМЕ

I — Организации на здружениот труд за вршење стручна и здравствена контрола над производството на семе се:

1. Земјоделскиот институт во Скопје — за житни, индустриски, фуражни и градинарски култури;
2. Здружениот земјоделски институт во Скопје — ООЗТ Институт за памук во Струмица — за житни, индустриски, фуражни и градинарски култури;
3. Здружениот земјоделски институт во Скопје — ООЗТ Институт за ориз во Кочани — за ориз;
4. ЗИК „Пелагонија“ во Битола — за житни и индустриски култури;
5. ЗИК „Куманово“ во Куманово — за житни и фуражни култури;
6. Центарот за унапредување на земјоделството во Битола — за житни култури;
7. „Алкалоид“ Опитна станица за афион во Кавадарци — за афион;
8. Институтот за тутун во Прилеп — за тутун;
9. Републичкиот центар за унапредување на земјоделството во Скопје — за индустриски култури;
10. Заводот за овоштарство на СРМ во Скопје — за овошно семе.

II — Организации на здружениот труд за утврдување на квалитетот на семето се:

1. Земјоделскиот институт — Скопје;
2. Здружениот земјоделски институт — ООЗТ Институт за памук во Струмица;
3. Здружениот земјоделски институт во Скопје — ООЗТ Институт за ориз во Кочани;
4. ЗИК „Пелагонија“ во Битола;
5. ЗИК „Куманово“ во Куманово;
6. Центарот за унапредување на земјоделството во Битола;
7. „Алкалоид“ Опитна станица за афион во Кавадарци;
8. Институтот за тутун во Прилеп;
9. Заводот за овоштарство на СРМ во Скопје.

III — Организации на здружениот труд за анализа и супераназиза на семето се:

1. Земјоделскиот институт во Скопје;
2. Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје.

---

**359.**

Врз основа на член 25 и 42 од Законот за семе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## СПИСОК
## НА ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНА КОНТРОЛА НАД ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ САДЕН МАТЕРИЈАЛ И ЗА ВРШЕЊЕ ОДБИРАЊЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА МАТИЧНИ РАСТЕНИЈА

I. — Организации на здружениот труд за вршење стручна контрола над производството на земјоделски саден материјал се:

1. Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје — за овошен и лозов саден материјал;
2. Заводот за овоштарство на СРМ во Скопје — за овошен саден материјал;
3. Републичкиот центар за унапредување на земјоделството во Скопје — за овошен саден материјал;
4. Заводот за унапредување на лозарство и винарство на СРМ во Скопје — за лозов саден материјал.

II. — Организации на здружениот труд за вршење одбирање и признавање на матични растенија се:

1. Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје — за овошен и лозов саден материјал;
2. Заводот за овоштарство на СРМ во Скопје — за овошен саден материјал;
3. Заводот за унапредување на лозарството и винарството на СРМ во Скопје — за лозов саден материјал.

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Муареми Адиле од с. Горно Палчиште — Тетовско против тужениот Ибраим Муареми од Тетово, ул. „Браќа Миладиновци“ бр. 24, а сега отселен со непозната адреса.

Се повикува тужениот Ибраим Муареми од Тетово да се јави во свој суд или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно, судот ќе му определи привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 289/75.

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

Пред овој суд се води постапка за утврдување на смрт на покојниот Имери Бајрам, бивш од с. Света Петка — Скопско, а по предлог на Бајрам Бајрам Имеров од Скопје, ул. „137“ бр. 20.

Во врска со горното лицето Бајрам Имеров, роден во с. Света Петка — Скопско, каде и живеел се до 1927 година кога на ден 19. 10. 1927 година е умрен но за тоа не постои податок во матичната книга на умрените во с. Света Петка, па се повикува секој оној што знае нешто за покојниот Имеров Имери Бајрам или за неговиот живот да му јави на судот во рок од три месеци од објавувањето на огласот. По истекот на овој рок ќе се донесе решение со кое ќе се утврди смртта на лицето.

Од Општинскиот суд Скопје I, Р. бр. 5/75.

---

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1590, страна 435, книга VII е запишана под фирма: „Личанка“ — трговско претпријатие на големо и мало — Скопје — Деловна единица — Продавница број 19, без својство на правно лице во Кочани, улица „Димитар Влахов“ бр. 34. Предмет на работењето на продавницата е продажба на текстилна стока, трикотажа и детска конфекција.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Личанка“ — трговско претпријатие на големо и мало — Скопје, број 1570/а од 16. VII. 1973 година.

Раководител на продавницата е Давиткова Станка.

Деловната единица — продавница број 19 без својство на правно лице во Кочани ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1002 од 31. XII. 1973 година. (2)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 270, страна 665, книга III е запишана под фирма: „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие на големо и мало — Неготино Вардар — Деловна единица-продавница без својство на правно лице во Подујево, ул. „Народен фронт“ бб. Предмет на работењето на продавницата е промет со свежо овошје и зеленчук.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие на големо и мало — Неготино Вардар, број 0201-257 од 1. III. 1973 година, од одржаната седница на 28. II. 1973 година.

Раководител на продавницата е Шемси Хајдари.

Деловната единица — продавница без својство на правно лице во Подујево ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје Фи. бр. 1441 од 18. XII. 1973 година (3)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 270, страна 667, книга III е запишана под фирма: „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие на големо и мало — Неготино Вардар — Деловна единица — Продавница без својство на правно лице во Подујево, улица „Маршал Тито“ бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на овошје и зеленчук.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпрејатие на големо и мало — Неготино Вардар, број 0201-257 од 1. III. 1973 година.

Раководител на продавницата е Шабани Муарем.

Деловната единица — продавница без својство на правно лице во Подујево ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје. Фи. бр. 1443 од 18. XII. 1973 година. (4)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 12, страна 261, книга II е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Македонија“ — село Белимбегово, Деловна единица — Складиште во Ѓорче Петров, Сарај, без својство на правно лице. Предмет на работењето на складиштето е продажба на отпадни материјали, обоени метали, градежен материјал, железарија, водовод и канализациони цевки.

Складиштето е основано од Земјоделската задруга „Македонија“ — село Белимбегово, Скопско, со одлуката број 254 од 29. VI. 1973 година.

Раководител на деловната единица е Поповски Алексо, инженер агроном.

Деловната единица — складиште во Ѓорче Петров — Сарај, без својство на правно лице ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1040 од 31. XII. 1973 година. (7)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 39, страна 503, книга II е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Братство единство“, село Горно Лисиче, Скопско — Деловна единица — Продавница број 9, без својство на правно лице, улица „Локов“ број 15. Предмет на работењето на продавницата е продажба на земјоделски производи и прехранбени артикли.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на Земјоделската задруга „Братство единство“ — село Горно Лисиче, Скопско, број 02-1162 од 5. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Живка Јакимовска.

Деловната единица — продавница број 9, без својство на правно лице ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 65 од 4. I. 1974 година. (8)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 280, страна 391, книга VI е запишано следното: На досегашниот потписник на „КИС“ — Керамичка индустрија — Скопје, Стојановски Гиго Ѓоко, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должноста со одлуката на работничкиот совет, број 1565/0 од 28. VIII. 1973 година, од одржаната седница на 27. VIII. 1973 година.

За главен директор на „Кис“ — керамичка индустрија — Скопје, со одлуката на работничкиот совет број 01-2087 од 12. XII. 1973 година од одржаната седница на 22. XI. 1973 година е назначен Кировски Спасе, кој во иднина истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Тодоровски Божинов Павле, раководител на финансискиот сектор, Николиќ Љубо Петар, раководител на комерцијален сектор, Миловановиќ Марко Милисав, раководител на општ сектор.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1539 од 29. XII. 1973 година. (9)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 8. X. 1973 година, рег. број 32/55, книга III е запишана под фирма: Продавница во Кавадарци, на Занаетчиската задруга „Илинден“ — Охрид. Предмет на работењето на продавницата е продажба на чевли од кожа, гума и пластика.

Раководител на продавницата е Клинчарски Лазар.

Продавницата е основана од Занаетчиската задруга „Илинден“ — Охрид, со одлуката од работничкиот колектив, број 02-351/3 од 31. VII. 1973 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 389/73 година. (15)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 4. X. 1973 година, рег. бр. 25/73, книга I, е запишано под фирма: Комунално претпријатие „Водовод и канализација“ — Прилеп. Предмет на работењето на претпријатието е:

— врши снабдување на градот со вода за пиење и населбите на општината Прилеп;

— дава приклучоци на водоводната и канализационата мрежа;

— ја одржува водоводната и канализационата мрежа и објектите на истите;

— врши монтажа и поправка на сите водомери;

— ги изведува сите видови надворешни и внатрешни водоводни и канализациони инсталации, монтира санитарни уреди, изведува објекти на канализационата и водоводната мрежа;

— изработува инвестиционо-техничка документација за: водоводна и канализациона мрежа и објекти на истите за населени места; внатрешни водоводни и канализациони инсталации во станбени згради, индустриски и други објекти;

— врши испитување на квалитетот на водата.

Директор на претпријатието е Стојчески Костов Стојан.

Претпријатието е настанато од бившата Установа со самостојно финансирање „Водовод" — Прилеп која прерасна во самостојно претпријатие согласно одлуката на работничкиот совет бр. 03-1361/1 од 2. XI. 1972 година.

Установата со самостојно финансирање „Водовод" — Прилеп се брише од регистарот на установите што го води овој суд од рег. бр. 10/65.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 320/73. (16)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 30. X. 1973 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишана под фирма: Продавница број 30 во Струга, на Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани, Струшко. Предмет на работењето на продавницата е вршење на трговска дејност на мало, продажба на сите видови прехранбени производи и млински преработки, јужно овошје, зеленчук, овошје и мешана индустриска стока во помал обем.

Раководител на продавницата е Ќазимоска Хика.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани, со одлуката на задружниот совет број 02-477 од 20. VIII. 1973 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 416/73. (17)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 26. XI. 1973 година, рег. бр. 1/70, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Филијалата во Битола, на Југословенско-поморската агенција — Београд, уште со туристичка дејност.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 455/73. (22)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 25. X. 1973 година, рег. бр. 26/71, книга I е запишано следното: Се проширува дејноста на Трговското претпријатие на големо и мало „Црна Река" — Битола, уште со: промет со сточна храна, сточни производи, мотори, моторни возила, авто делови и алати, земјоделска механизација и алати.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од Трговското претпријатие „Црна Река" — Битола од 3. VII. 1973 година и уверението од Одделението за инспекциски работи при Собранието на општина Битола, бр. 04-4781/1 од 10. X. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 421/73. (23)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 19. X. 1973 година, рег. бр. 24/62, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето на Благој Т. Ињовски, генерален директор, за потпишување на Текстилниот комбинат „Битолатекс" — Битола.

Се овластува инженер Јован Димитар Свидерски, заменик генерален директор, покрај досегашниот потписник Петар Давко, раководител на финансиски сектор, за потпишување на комбинатот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 403/73. (25)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 19. XI. 1973 година, рег. бр. 60/70, книга I е запишано следното: Му престанува овластувањето на Ванѓел Миловски, економист, за потпишување на Самостојниот погон за производство на амбалажен материјал за потребите на тутуновата индустрија — Демир Хисар, на Здруженото претпријатие „Југо-тутун" — Скопје.

Се овластува Атанас Наловски, шеф на сметководството, покрај досегашниот потписник Димче Јанкуловски, в. д. директор, да го потпишува Самостојниот погон во Демир Хисар.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 428/73. (28)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 1. X. 1973 година. рег. бр. 24/69, книга I е запишано следното: Самостојната работна организација на здружен труд со својство на правно лице — Погон во Македонски Брод, на ЗИК „Прилеп" — Прилеп, која е регистрирана со решението на Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 297/70 од 12. V. 1970 година, не одговара по принципите на супсидијарната и солидарната одговорност за обврските по однос на обртните средства на друга таква ООЗТ.

Оваа промена е извршена врз основа на самоуправната спогодба за здружување на основни организации на здружен труд во работна организација ЗИК „Прилеп" — Прилеп, од февруари 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 303/73. (29)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. број 86, страна 583, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Ран производ" — Куманово — Деловна единица — Продавница број 43, без својство на правно лице, во с. Рајкова Куќа, Куманово. Предмет на работењето на продавницата е продажба на индустриско-прехранбени и земјоделски производи.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Ран производ" — Куманово, со одлуката на задружниот совет број 04-62/4 од 8. I. 1973 година.

Раководител на продавницата е Младеновски Војо.

Деловната единица — продавница број 43, без својство на правно лице, во с. Рајкова Куќа ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 145 од 5. II. 1974 година.

# КОНКУРСИ

Комисијата за меѓусебни односи на здружениот труд при ООЗТ Служба за општа и превентивна медицина во Медицинскиот центар — Куманово

распишува

**КОНКУРС**

за еден хемичар за работа во Медицина на трудот

Услови:

Покрај општите услови предвидени во Законот, пријавените кандидати треба да имаат завршено природно-математички факултет-отсек хемија.

Личен доход според Самоуправната спогодба за основите и мерилата за распределба на личните доходи на работниците при Медицинскиот центар — Куманово.

Конкурсот трае 15 дена, сметано од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ — Скопје.

Молбите со диплома за завршен факултет и лекарско уверение се доставуваат до Комисијата за меѓусебни односи на здружениот труд при ООЗТ Служба за општа и превентивна медицина при Медицински центар — Куманово (соба бр. 36.)

---

Врз основа на член 63 од Статутот, конкурсната комисија при ОЗТ „Уметност“ — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на упразнето работно место:

— Шеф на сметководството.

Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатите треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени со Правилникот за внатрешната организација и систематизација на работните места:

1. да е дипломиран економист со 4 години работен стаж на раководно работно место;

2. да е економист со 6 години работен стаж на раководно работно место;

3. да има средно економско училиште и 10 години работен стаж на раководно работно место.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Молбите со потребните документи се примаат во секретаријатот на претпријатието. (129)

## СОДРЖИНА

Страна

345. Закон за завршната сметка на Републичкиот буџет за 1974 година — — — — 513

346. Одлука за утврдување на Програмата за развој на непосредната детска заштита во Социјалистичка Република Македонија во 1975 година — — — — — — 515
Програма за развој на непосредната детска заштита во Социјалистичка Република Македонија во 1975 година — — — 515

347. Решение за именување директор на Археолошкиот музеј на Македонија — — 517

348. Правилник за условите што треба да ги исполнува квалитетниот приплоден и елитниот приплоден добиток во поглед производната и приплодната способност 517

349. Правилник за начинот на испитување на машките приплодни грла на потомство (прогенотестирање) според единствен метод — — — — — — — — — — 517

350. Правилник за начинот и постапката за вршење стручен надзор, одбирање и оценување на квалитетниот и елитниот приплоден добиток — — — — — — — 519

351. Упатство за начинот на водење на регистарот и обрасците на регистарот на производителите на квалитетен и елитен приплоден добиток — — — — — — 522

352. Решение за овластување на организација на здружен труд за производство на сперма за вештачко осеменување — — 524

353. Решение за овластување на стручна организација на здружен труд за вршење стручен надзор над селекцијата и матичното книговодство на добитокот — — 524

354. Решение за овластување на организација на здружен труд за вршење контрола над квалитетната состојба на сточната храна — — — — — — — — — 524

355. Решение за овластување на научна институција за давање мислење за увоз на женски приплодни грла од нови и неадаптирани раси — — — — — — — 524

356. Решение за овластување организација на здружениот труд за вршење анализа и супер анализа на добиточната храна — 524

357. Решение за овластување републичка стручна организација за водење на главната матична книга за елитен приплоден добиток — — — — — — — — 524

358. Список на организации на здружениот труд за вршење стручна и здравствена контрола над производството за утврдување квалитетот и за вршење анализа на земјоделското семе — — — — — 525

359. Список на организации на здружениот труд за вршење стручна контрола над производството на земјоделски саден материјал и за вршење одбирање и признавање на матични растенија — — — 525

Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје